# ПОВИК ЗА ПРОФЕСОРИ

**Дали си професор во средно училиште во земјава?**

**Предаваш иновации и претприемништво/бизнис и претприемништво или сакаш во својот предмет да воведеш теми од областа на социјално претприемништво, филантропија и општествена одговорност?**

**Сакаш да ги подобриш своите вештини за предавање и пристап кон ученици?**

**Сакаш да бидеш во тек со новите концепти, методологии и алатки кои се користат во образовните процеси во Европа?**



**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ „АРНО“ ТЕ ПОВИКУВА ДА АПЛИЦИРАШ ЗА ОБУКА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО КОЈА СЕ СПРОВЕДУВА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ STRET TT. ОБУКАТА ЌЕ СЕ ОДРЖИ 12.02- 19.02.2020 ВО РИЈЕКА, ХРВАТСКА.** ОБУКАТА ГИ ОПФАЌА СЛЕДНИТЕ МОДУЛИ:

- ВОВЕД ВО КОНЦЕПТИТЕ НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ, ФИЛАНТРОПИЈА

- СИМУЛАЦИЈА НА НЕКОЛКУ НАСТАВНИ ПЛАНОВИ НА ОВИЕ ТЕМИ ОД СТРАНА НА ПРОФЕСОРИ ОД НАШАТА ЗЕМЈА, ОД ХРВАТСКА И ЛИТВАНИЈА

- КОРИСНИ АЛАТКИ ОД НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА АНИМИРАЊЕ И ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ НА УЧЕНИЦИ (СИМУЛАЦИСКИ ВЕЖБИ, ЕНЕРЏАЈЗЕРИ, КОРИСТЕЊЕ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ, МЕТОДИ ЗА МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ВО ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА (ПР. ТИВКА АУКЦИЈА), МЕТОДИ ЗА ИНТЕРАКЦИЈА СО УЧЕНИЦИ, И ДРУГИ КРЕАТИВНИ ПРИСТАПИ)

ВО ТЕКОТ, И ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ОБУКАТА, СЕКОЈ УЧЕСНИК ЌЕ ИМА МОЖНОСТ ДА ДАДЕ ФИДБЕК ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРИРАЧНИКОТ И ДА ПРИДОНЕСЕ СО СВОЕ МИСЛЕЊЕ И ИДЕИ. ДОПОЛНИТЕЛНО ВО КРАЈНАТА ФАЗА НА ПРОЕКТОТ, УЧЕСНИЦИТЕ НА ОВАА ОБУКА ЌЕ БИДАТ ПОКАНЕТИ ДА ЗЕМАТ УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ,ПРЕПОРАКИ КОИ ЌЕ БИДАТ АДРЕСИРАНИ НА ЈАВЕН НАСТАН, ДО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И НОСИТЕЛИ НА ОДЛУКИ.

**КАКО ДА АПЛИЦИРАШ?**

**ИСПРАТИ НИ ТВОЈА КРАТКА БИОГРАФИЈА (CV) И КРАТКО МОТИВАЦИСКО ПИСМО НА ARNO.MKD@GMAIL.COM ДО 28/12/2019 ГОДИНА.**

КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР СЕ СЛЕДНИ:

- ПРОФЕСОРОТ ДЕМОНСТРИРА ПОСВЕТЕНОСТ КОН СВОЈОТ РАЗВОЈ И ДЕМОНСТРИРА ИНТЕРЕС ОД ТЕМИТЕ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО, СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ФИЛАНТРОПИЈА, ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ
- ПРОФЕСОРОТ ИМА ИСКСУТВО ВО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАНИ, АКТИВНОСТИ И УЧЕСТВУВА ВО РАЗЛИЧНИ ПРОЕКТИ И ИНИЦИЈАТИВИ
- ПРОФЕСОРОТ ИМА СИЛНА МОТИВАЦИЈА ДА ПРИДОНЕСЕ КОН РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
- ПРОФЕСОРОТ ГИ ПОЧИТУВА ВРЕДНОСТИТЕ НА АРНО И САКА ДА БИДЕ ДЕЛ ОД ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ПРЕКУ УЧЕСТВО ВО ОВОЈ ИЛИ СЛЕДНИ ПРОЕКТИ.

ВО ИЗБОРОТ ПРЕДНОСТ ИМААТ ПРОФЕСОРИ КОИ ГИ ПРЕДАВААТ ПРЕДМЕТИТЕ ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО СРЕДНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ.

НО **ИСКРЕНО ГИ ОХРАБРУВАМЕ И ПРОФЕСОРИТЕ ОД ДРУГИТЕ ПРЕДМЕТИ** КОИ ИМААТ СИЛНА МОТИВАЦИЈА И ИСКУСТВО ВО ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА ТЕМИТЕ ВО РАМКИ НА НИВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ДА СЕ ПРИЈАВАТ (ПРОЕКТОТ ИМА ЦЕЛ ДА ГО ИСТРАЖИ И ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО СО КРОС-КУРИКУЛУМСКИ ПРИСТАП).

ОД ПРИСТИГНАТИТЕ АПЛИКАЦИИ ЌЕ БИДАТ ИЗБРАНИ 4 КАНДИДАТИ,

ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОГРАМАТА КАКО ПРЕВОЗ, СМЕСТУВАЊЕ И ХРАНА СЕ ПОКРИЕНИ ОД СТРАНА НА АРНО.

**ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ STRET TT (STUDENTS TODAY RESPONSIBLE ENTREPRENEURS TOMORROW TEACHER TOOLKIT „ УЧЕНИЦИ ДЕНЕС-ОДГОВОРНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ УТРЕ -ПАКЕТ АЛАТКИ ЗА ПРОФЕСОРИ“ ЌЕ НАЈДЕТЕ НА** HTTP://STRET-TT.SITE.PRO/ **И НА ВЕБСТРАНАТА** HTTP://STRET.EU/